Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-430/3
16.08. 2023 год. viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

Врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/2021), градоначалникот на Општина Арачиново на ден 16.08.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на најповолен понудувач**

1. За најповолна понуда согласно Одлуката за јавна набавка бр. **13 – 430** од ***25.07.2023*** година за **стручен технички надзор над изведба на градежни објекти од ниска градба** се избира понудата на понудувачот:
**Друштво за просторни и урбанистички планови,инженеринг и др. ТЕПЛАН ДОО Тетово**
2. Договорот за јавна набавка за горенаведениот предмет со избраниот понудувач, ќе се потпише веднаш.
3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки на Општина Арачиново во состав согласно Одлуката бр ***13-430*** да ја спроведе оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По отворање на понудите доставени за учество во поедноставена отворена постапка бр. **13448/2023** за **стручен технички надзор над изведба на градежни објекти од ниска градба,** Комисијата за јавни набавки достави до Градоначалникот првична ранг листа на способни понудувачи за горенаведената постапка.

Комисијата изврши проверка на способноста за вршење на професионалната дејност, економската и финансиската способност, техн ичката способност и личната состојба , како и финансиските понуди на понудувачот, па следствено на тоа и евалуација(рангирање) на прифатливите понуди врз основа на критериумот за доделување на договор за јавна набавка наведени во огласот(најниска цена-100 бода)

Комисијата по спроведената евалуација и е-аукција, го достави Извештајот за текот на постапката до Градоначалникот со предлог за избор на најповолна понуда (најниско понудената цена), и Градоначалникот врз основа на член 112 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна заштита*** Врз основа на член 143 став 1 точка 4 од Закон за јавните набавки жалба се изјавува во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.
Согласно член 142 од Законот, жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

Бр. 13 - 430
16.08.2023 година

**Општина Арачиново/Komuna e Haraçines**
**Градоначалник/Kryetar**

**/ Ridvan Ibraimi /**

Ridvan Ibraimi
Digitally signed by Ridvan Ibraimi
Date: 2023.08.16 14:15:01 +02'00'